# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул.Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk



Почитувани,

Во 2023 година, активностите на ЗЕЛС се реализираа во согласност со Акцискиот план и беа насочени кон лобирање, јакнење на капацитетите на општинската администрација и обезбедување поддршка на општините за непречено спроведување на електронските услуги. Во оваа година, посебен белег остави игнорантскиот однос на Владата кон барањата на ЗЕЛС за заедничко разрешување на бројните предизвици со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа, а процесот на децентрализација наместо да напредува, одеше во обратен правец.

Сепак, во согласност со Систематизираните ставови на ЗЕЛС за 2023-2024 година, посебно внимание беше посветено на предизвиците од несоодветното финансирање на противпожарната заштита. Беше формирано посебно тело, составено од градоначалници, кое, врз основа на спроведената анализа на состојбите во општините, утврди неколку ставови што ги разгледуваше Управниот одбор на ЗЕЛС, а потоа беа изнесени и прифатени од Генералното собрание. ЗЕЛС, со свој претставник, учествуваше и во подготвувањето на текстот за нов Закон за пожарникарство. Извршувањето на оваа надлежност од страна на локалните самоуправи станува сè понеизвесна. Тие од својот буџет трошат речиси исто толку средства колку и што добиваат од централната власт, што покажа анализата што ја изработи ЗЕЛС и која покажа дека е потребен сериозен пристап за квалитетно спроведување на оваа услуга кон граѓаните. Некаде во октомври, со притисоците од ЗЕЛС кај пратеничките групи во Собранието на РСМ, а потоа и кај министерот за финансии, беа обезбедени 30 милиони денари дополнителни средства за пожарникарите, кои не добиваат плата од наменските дотации, туку од општините.

Воведувањето комунална полиција повторно беше ставено на дискусија од Управниот одбор на ЗЕЛС. Оваа иницијатива беше поддржана од Министерството за внатрешни работи, по што беше иницирано формирање на меѓуресорско тело што ќе работи на донесување ново законско решение, за кое ЗЕЛС изготви предлог-текст. Поддржана беше и иницијативата на Општина Центар за третман на бесправно изградените објекти што не се предмет на легализација, а за кои е поведена кривична постапка против несовесните градители, која завршила со конфискација на бесправниот објект, кој треба да ѝ припадне на општината. Интензивно се дискутираше и за промени во методологиите за распределба на блок дотациите. Се разгледуваа предлозите за промени во методологијата за основно образование, но и за социјалните услуги и за културата, каде ЗЕЛС воедно се залага за поголема децентрализација во овие области. Всушност, продлабочувањето на процесот на децентрализација и обезбедувањето финансиска стабилност на општините се најважните заложби во лобирањето на ЗЕЛС, а од приоритетно значење сè повеќе ЗЕЛС го истакнува и барањето за обезбедување електронски систем за спроведување на постапките со наплата на данокот на имот од страна на општините. И Комитетот на советите при ЗЕЛС имаше одредени активности што се во полза на општинските советници. Тие посебна поддршка добиваат за проектот каде ЗЕЛС има партнерска улога. Всушност, оваа година ЗЕЛС ги интензивира активностите и во други проекти, меѓу кои од областа на социјалата, во обезбедувањето на BFC SEE регионален сертификат за општините, потоа во животната средина, поврзано со управувањето со отпадот и други. Органите и телата на ЗЕЛС во континуитет го истакнаа огромното значење на ЗЕЛС за единиците на локалната власт, при што дискутираа и за изнаоѓање на соодветни начини за обезбедување на континуирано плаќање на членарината од страна на сите општини. За сите овие активности на ЗЕЛС подетално ќе прочитате во овој Годишен извештај за 2023 година.

**Душица Перишиќ,**
**извршен директор на ЗЕЛС**

ЗЕЛС

# ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ЗЕЛС

# 1 ЗА ЗЕЛС

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава, во која доброволно членуваат сите 80 општини и Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Основана е во 1972 година. За ефикасно функционирање на Заедницата, во Статутот на ЗЕЛС се утврдени следниве органи:

- Генерално собрание, составено од 90 делегати
- Управен одбор, составен од 22 члена
- Надзорен одбор, составен од 6 члена и
- Комитет на советите, составен од 9 члена.

ЗЕЛС ги застапува интересите на сите локални власти од земјава пред централната власт. Лобирањето претставува најважната активност на ЗЕЛС за унапредување на развојот на локалната самоуправа, преземање нови надлежности, како и обезбедување на поголема финансиска стабилност на ЕЛС. Претставниците на ЗЕЛС остваруваат средби со претставници на Владата на РСМ, а преку постојната парламентарна Комисија за локална самоуправа во Собранието на РСМ, ЗЕЛС соработува и со народните пратеници од законодавниот дом.

Во согласност со своите стратегиски цели, ЗЕЛС во континуитет се грижи и за зајакнување на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ), а преку ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) во името на сите општини, го врши одржувањето, како и непреченото користење на информациските системи.



**Стратегиските цели на ЗЕЛС се:**

**1.** Застапување и лобирање

**2.** Услуги

**3.** Градење и јакнење на капацитети на ЕЛС

ЗЕЛС дејствува и во меѓународни рамки. Таа е членка на: Советот на европски општини и региони (CEMR); Мрежата на национални асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа (NALAS) и на Асоцијацијата на агенции за локална демократија (ALDA). ЗЕЛС ја има улогата на Секретаријат на делегатите од РСМ во Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа и во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.


HOTEL
ALEKSANDAR
PALACE
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА - ЗЕЛС
ЗЕЛС
BASHKËSIA E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES
LOKALE - BNJVL
BNJVL

# 2 АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ЗЕЛС

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

*Во текот на 2023 година беа одржани две седници на Генералното собрание на ЗЕЛС. Според Статутот на ЗЕЛС, делегати на ова тело се сите градоначалници и деветте членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС.*

### ЧЕТВРТА СЕДНИЦА *(12 МАЈ 2023 ГОДИНА, ОХРИД )*

Генералното собрание на ЗЕЛС ги усвои Финансискиот извештај и Извештајот за работа на ЗЕЛС за 2022 година. Во делот на финансиските податоци, покажани се помали приходи во однос на расходите. Делегатите го разгледаа прегледот на уплати на членарините на општините и упатија апел за плаќање на долгот во најкус рок, а Управниот одбор го задолжија да утврди мерки со кои ќе ја поттикне редовната наплата на членарината кон ЗЕЛС.

Поради неактивното работење, а со цел обезбедување ефикасна работа на Комитетот на советите на ЗЕЛС, делегатите именуваа нови членови во ова тело: Изабела Павловска, претседателка на Советот на Општина Крива Паланка и Бесар Дурмиши, претседател на Советот на Општина Тетово.

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, во своето обраќање говореше за реализираните активности на ЗЕЛС во однос на лобирањето, јакнењето на капацитетите за општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот, како и поддршката што ја добиваат општините од ЗЕЛС за електронските услуги. Единството во ЗЕЛС, при носењето консензуални одлуки во полза на сите општини, без политичко, етничко или друго влијание, беше посочено како многу важна придобивка за локалната власт.

Делегатите изгласаа заклучоци за разрешување на предизвиците на општините во спроведувањето на надлежностите во областа на противпожарната заштита: До Владата на РСМ и до Министерството за одбрана да се испрати изработената анализа од ЗЕЛС за актуелните состојби и финансирањето на противпожарната заштита, (што претходно беше разгледана од работната група и од Управниот одбор на ЗЕЛС), како основа за аргументирана дискусија во наоѓањето начин за адекватно финансирање на оваа надлежност, за потоа Владата да изврши и соодветни измени со ребаланс на буџетот. Како крајна мерка беше утврдено организирање на мирен протест пред Владата, во присуство на сите градона-





чалници и противпожарните единици, со цел да се укаже дека овие прашања не смее да се игнорира во недоглед. Системот за противпожарна заштита е составен дел од системот за заштита и спасување кој се изедначува со нормите и стандардите утврдени во земјите членки на НАТО и е од јавен интерес и надлежност од приоритетно значење. Беше посочено дека ЗЕЛС активно учествува и во изработката на предлог-текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство.

На покана од ЗЕЛС, претставникот од Министерството за животна средина и просторно планирање ги презентираше активностите поврзани со двата големи заема на државата, за чија реализација е одговорно ова Министерство. Заемот од Меѓународната банка за обнова и развој во висина од 50 милиони евра е наменет за подобрување на општинските услуги за реализирање на водоводни и канализациски системи, односно за нивна градба и реконструкција, а заемот од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во висина од 55 милиони евра е наменет за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот (регионални депонии).

Делегатите предложија ЗЕЛС да се обрати до Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) за итна исплата на средствата од програмата за реконструкција и санација на патиштата, што сѐ уште ги нема доставено.

**ПЕТТА СЕДНИЦА** (*4 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, во своето обраќање говореше за идните приоритетни заложби во лобирањето на ЗЕЛС:

















обезбедување финансиска стабилност на единиците на локалната самоуправа и продлабочување на процесот на децентрализација на власта во земјата. Ѓорѓиевски констатира дека процесот на децентрализација е во стагнација и изрази незадоволство од соработката на Владата со ЗЕЛС.

Генералното собрание едногласно ги усвои двата документа: Финансискиот план и Планот на активности на ЗЕЛС за 2024 година. На присутните делегати им се обрати и потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу, кој информираше за започнатите разговори со релевантните министри од Владата на РСМ и со претставниците на донаторската заедница за развивање на дигиталните сервиси кон граѓаните. Посочи дека ЗЕЛС интензивно продолжува да лобира за реализација на повеќегодишното барање за воведување на електронски систем за спроведување на постапките со наплата на данокот на имот од страна на општините.

Генералното собрание на ЗЕЛС донесе заклучок за поддршка на иницијативата на СОНК за заемна соработка и усогласено настапување пред Владата и Собранието на РСМ, со цел обезбедување на потребните финансиски средства за исполнување на обврските од склучените колективни договори за вработените во образовните и културните установи, основани од општините. ЗЕЛС не била вклучена во овие преговори на Владата со СОНК, од кои произлегуваат финансиските обврски за општините. Досега Владата не им префрлила ниту денар на општините за реализирање на овие обврски. На седницата беше поканет и претставник од СОНК да се обрати пред делегатите.

**УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС**

*Управниот одбор на ЗЕЛС (УО) има 22 члена, чиј мандат е во траење од 4 години. Членовите се градоначалници и тројца советници кои се избираат од редот на членовите на Комитетот на Советите, од кои само еден е со право на глас. Претседателот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС може да присуствува на седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС, без право на глас. Во текот на 2023 година, Управниот одбор одржа седум седници.*

## ТРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО НА ЗЕЛС *(5 ЈАНУАРИ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Предизвиците од енергетската криза беа главна тема на седницата. УО изрази општо незадоволство од односот што го има Владата кон локалната власт и дефинираше неколку неодложни приоритети за решавање:

**1.** Бидејќи уличното осветлување е утврдено како комунална дејност, согласно со Законот за комунални дејности, општините треба да бидат опфатени со категоријата „мали потрошувачи“ согласно со Законот за енергетика, и соодветно да бидат тарифирани. **2.** Во мерките на Владата за справување со енергетската криза, ЗЕЛС да бара општините и Градот Скопје да имаат право да купуваат електрична енергија од АД ЕСМ по регулирани цени. **3.** ЗЕЛС да бара промена во Законот за комуналните такси, согласно со утврдените ставови на УО за утврдување на висината на цената при пресметката на комуналната такса за улично осветлување, од причина што од 1 јули 2022 година е исфрлена категоријата „улично осветлување“ од Тарифникот на цени на електрична енергија. **4.** ЗЕЛС да ги реафирмира Систематизираните ставови и документот да го испрати до Владата и воедно да бара да се изјасни за доставениот текст на новиот Предлог-меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ. Се дискутираше и за спроведување на сет мерки од страна на општините, меѓу кои: поинтензивно користење на медиумите за запознавање на јавноста за овие состојби; враќање на надлежностите за кои централната власт не префрла доволно средства за нивно спроведување, како и можноста, доколку општините утврдат заеднички став, да не се плаќаат сметките за електрична енергија.

За подобрување на финансиската состојба на општините, Управниот одбор предложи да се пристапи кон преговори за проширување на опфатот на предмет на даночење, согласно со Законот за даноци на имот.

## ЧЕТИРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО НА ЗЕЛС *(30 ЈАНУАРИ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Управниот одбор констатира дека со измените што ги прати Владата на понудениот Предлог-меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата, нарушен е досега воспоставениот континуитет на соработка утврден со претходниот Меморандум, склучен уште во 2003 година. Исто така, изоставени се заемните заложби за продлабочување на финансиската децентрализација, како и воспоставувањето на таканаречените „буџетски преговори“, долгогодишно барање на ЗЕЛС.

Стручната служба на ЗЕЛС доби обврска да стапи во контакт со претставници од Владата, да се утврди заемно прифатлив текст што официјално ќе биде потпишан од двете страни.

Претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска, ги информираше членовите на УО за состанокот со амбасадорот на Европската Унија. Управниот одбор го именува градоначалникот на Општина Карбинци Виктор Паунов за претставник на ЗЕЛС во Постојаната советодавна група за консолидација на земјиште, формирана од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Управниот Одбор даде согласност за изменување и дополнување на постојниот Тарифник за користење на просториите на ЗЕЛС тренинг центарот.

Управниот одбор беше запознаен со работната верзија на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство, изработена од работната група формирана од Министерството за одбрана, во која учествуваа и претставници од





ЗЕЛС, и предложи отворање на сеопфатна дебата за сите аспекти, преку процес на широка консултација со сите општини.

Управниот одбор нагласи дека голем предизвик за општините е настанатиот правен вакуум со изоставувањето на категоријата „улично осветлување" во најновиот Тарифник, а заради усогласување со директивите на ЕУ, што го донесе Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги. Со тоа, примената на одредбите за пресметка на комуналната такса за улично осветлување, согласно со Законот за комунални такси, стана невозможна. Електродистрибуција, дополнително, со писмен допис ги информира општините дека пресметката ќе ја врши според цената на електричната енергија утврдена пред донесувањето на новиот Тарифник, сѐ до обезбедување правна основа. Воведувањето на рестрикции на уличното осветлување од страна на некои општини, не беше прифатено од граѓаните, а општините се соочени и со неуспешните постапки за јавни набавки, поради незаинтересираноста за учество на операторите.

На седницата, за нов претседател на Управниот одбор на ЗЕЛС, воедно и претседател на Заедницата, беше изгласан Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Општина Кисела Вода и член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Данела Арсовска, градоначалничка на Град Скопје и досегашна претседателка на ЗЕЛС, останува член во ова тело. На досегашната позиција како потпретседатели на ЗЕЛС остануваат и: градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу и Перо Костадинов, градоначалник на Општина Валандово.

### ПЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(28 ФЕВРУАРИ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Управниот одбор донесе одлуки за повеќе технички прашања. По приложената евиденција за присуство на членовите на седниците на УО, беше заклучено дека со три последователни отсуства од седниците на УО ќе се достави предлог до Генералното собрание за разрешување и избор на нови членови. Управниот одбор донесе заклучок, седниците на УО, освен во просториите на ЗЕЛС, по покана од градоначалникот, да се организираат и во различни општини. Управниот одбор го дополни бројот на нови членови на лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС.

Управниот одбор донесе Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на форумските модератори. Исто така, донесе и Одлука за утврдување на начинот и условите за сертифицирање и ресертифицирање на единиците на локалната самоуправа со сертификат за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (BFC SEE). Управниот одбор ја усвои и Одлуката за спроведениот попис и утврдениот извештај за отпис на ствари во сопственост на ЗЕЛС. Едногласно беше прифатен предлогот ЗЕЛС да му донира на АДКОМ уред за испитување/проверување на загубите на вода во водоводните цевки.

Управниот одбор беше запознаен со концептот на новата предлог-методологија за распределба на блок дотациите во основното образование, утврдена од МОН. Според анализите направени од УНИЦЕФ, утврдено е дека досега за образованието не се одвојувани доволно финансиски средства.

### ШЕСНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО НА ЗЕЛС *(4 АПРИЛ 2023 ГОДИНА, ВАЛАНДОВО)*

Седницата се одржа во Општина Валандово, на покана на градоначалникот и потпретседател на ЗЕЛС, Перо Костадинов. Управниот одбор отвори дискусија за пристигнатите

мислења од општините за новата предлог-методологија за распределба на блок дотациите во основното образование и за заклучоците што произлегоа од советувањето организирано од ЗЕЛС со претставниците за образование од општинската администрација. Изразена е загриженост дали при утврдувањето на „стандардот по ученик“ ќе се земат објективните трошоци за секоја од посочените ставки во пресметката и дали бројот на потребниот наставен кадар ќе се утврдува според потребите на наставната програма или како досега, со математички пристап на утврдување на сооднос ученик-наставник. Руралните општини, во доставените забелешки до ЗЕЛС, укажаа дека во насока на обезбедување рамномерен регионален развој и со заложбите за запирање на иселувањето на населението, треба да се стимулира обновување и осовременување на постојните подрачни училишта, а не нивно затворање. Тие предлагаат сите подрачни училишта, но и заборавените училишни интернати, да се третираат со коефициент како „заштитено училиште“. Управниот одбор донесе заклучок сите ставови да се доставаат до МОН.

По спроведените консултации со Владата на РСМ, Управниот одбор го одобри текстот на Меморандумот за соработка меѓу Владата и ЗЕЛС. Беше донесен заклучок да се покани претседателот на Владата на следната седница на Управниот одбор или на Генералното собрание на ЗЕЛС за да се потпише и официјално овој документ.

Управниот одбор по презентирање на Предлог-финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2022 и Предлог–наративниот извештај на ЗЕЛС за 2022 година едногласно ги усвои двата предлога со одлука тие да му се достават на




разгледување на Генералното собрание на ЗЕЛС на следната седница, што ја закажа за 12 мај 2023 година, во Охрид.

Управниот одбор ги разгледа заклучоците на Мрежата на инспектори за патен сообраќај и патишта за подобрување на текстот на Предлог-законот за превоз во патниот сообраќај, објавен на ЕНЕР.

Управниот одбор беше запознаен со отворените прашања изнесени од групацијата Градежништво од Стопанската комора на Македонија, презентирани на средбата што ја имаше претседателот на ЗЕЛС.

Управниот одбор ја утврди содржината на барањето до Собранието на РСМ, за автентично толкување на одредбите на Законот за градежното земјиште. Бидејќи ЗЕЛС нема својство на надлежен орган кој директно одлучува во управно-административните постапки, беше утврдено барањето да биде доставено од најмалку три општини, како заедничко барање: Радовиш, Крива Паланка и Ѓорче Петров, а самото автентично толкување ќе се однесува за сите општини. Собранието достави толкување кое потоа беше препратено до сите општини.

Управниот одбор ја поддржа иницијатива на Општина Центар за третман на бесправно изградените објекти преку постапка за нивна конфискација и предложи по иницијативата да се побара мислење од сите општини кои со свои предлози би придонеле за евентуално подобрување или дополнување на текстот на иницијативата. Иницијативата се однесува на измена на неколку прописи со кои ќе се овозможи третман на бесправно изградените објекти што не се предмет на легализација, а за кои е поведена кривична постапка против несовесните градители што завршила со конфискација на бесправниот објект. Објектот би требало да се запише со сопственички права во корист на државата, а потоа со посебен акт да се пренесе со право на користење врз општините.

## СЕДУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО НА ЗЕЛС

*(11 МАЈ 2023 ГОДИНА, ОХРИД)*

Управниот одбор го отвори прашањето



за неактивноста на избраните делегати на ЗЕЛС во меѓународните организации: ЗКК, Советот на Европа, Мрежата на национални асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа (NALAS) и други. Беше заклучено да се оцени работата на избраните делегати и онаму каде што има неактивност, да се назначат нови претставници кои ќе искажат желба за активно работење.

Управниот одбор, по изнесените заклучоци на ад хок Комисијата за анализа на состојбите во областа на противпожарната заштита, утврди предлог од сет мерки што ќе бидат изнесени за дискусија пред Генералното собрание. Анализата што ја направи ЗЕЛС покажа дека централната власт за тековното финансирање префрла околу 4,5 милиони евра на годишно ниво, додека општините од сопствени средства трошат уште околу 4,1 милион евра. Управниот одбор гласаше донесените заклучоци да се изнесат на дискусија пред делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС .



Управниот одбор донесе заклучок пред Генералното собрание да се изнесат предлог-мерките за подобрување на наплатата на членарината кон ЗЕЛС. Беше нагласен обемот на бесплатните услуги што ги добиваат општините од ЗЕЛС и дека не е праведно да ги користат сите, а да плаќаат само некои општини.

## ОСУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО НА ЗЕЛС
### (4 *ОКТОМВРИ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Претседателот на ЗЕЛС го информираше Управниот одбор за доставениот писмен допис до претседателот на Собранието и до координаторите на пратеничките групи во Собранието, како и за средбата со министерот за финансии. Изнесени се заложбите за соодветно обезбедување на финансиски средства во блок и наменските дотации, во ребалансот на буџетот, заради зголемувањето на платите на администрацијата. Акцентот беше ставен на состојбата со пожарникарите, кои беа заборавени во оваа постапка. Министерот за финансии, на средбата, вети дека со ребалансот на буџетот ќе бидат предвидени 30 милиони денари наменети за покривање на расходите за исплата на разликата со покачувањето на платите и на регресот за годишен одмор. Укажано е и дека со истиот предлог за ребаланс на буџетот ќе бидат обезбедени дополнителни 30 милиони денари средства за вработените во противпожарните единици, кои не примаат плати од наменската дотација, туку нив ги плаќаат општините од сопствен буџет. Министерот информира дека се подготвуваат законски измени со кои, почнувајќи од 1 јануари 2024 година, нема да бараат согласности за вработувања.

Управниот одбор донесе заклучок да се упати барање до Владата за итна средба поврзана со прашањето за финансирањето на општините според сите основи, а особено прашањата за финансирањето на образованието, противпожарната заштита, рамномерниот регионален развој, со цел нивно зголемување со ребалансот на буџетот. Сето ова треба да биде земено предвид и при подготовката на буџетот за следната 2024 година. Присутните посочија на лошата состојба со реализацијата на проектите од средствата, согласно со Законот за рамномерен регионален развој и дека Националниот совет за регионален развој не се состанал за да донесе одлука за прифаќање и усвојување на проектите.

## ДЕВЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО НА ЗЕЛС

*(15 НОЕМВРИ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Управниот одбор го усвои ревидираниот документ Систематизирани ставови на ЗЕЛС за приодот 2023 – 2024 година. Содржината на документот е усогласена со сите општини и претставува основа на утврдени политики што ЗЕЛС ќе ги презентира пред Владата и ресорните министерства за решавање на отворени прашања од значење на единиците на локалната самоуправа.

Управниот одбор стои на ставот дека локалната самоуправа мора да има надлежности во одржувањето на редот и почитувањето на прописите со кои се воспоставува, пред сè комуналниот ред, за што започна активности за ревидирање на барањето за донесување закон за комунална полиција. Министерството за внатрешни работи даде забелешки во однос на работниот текст за Предлог-законот, изработен од ЗЕЛС. За таа цел Управниот одбор донесе заклучок да формира работна група со претставници од соодветните државни органи, градоначалници и претставници на општинската администрација од општините: Крива Паланка, Ѓорче Петров, Куманово, Центар, Студеничани, Охрид, Бутел, Чаир и Град Скопје. Целта на носењето ваков закон е да се утврди правото на локалната самоуправа да изрекува мерки и да презема активности за: почитување на комуналниот ред, јавната хигиена, заштитата на зеленилото, водите, јавните површини, загадувањето на воздухот и почвата, управување со отпадот, одржување и безбедност на настаните од локално значење, заштита на имотот и објектите во сопственост на ЕЛС или основани од нив,



како и за давање помош при извршување инспекциски надзор од локалните инспекциски службеници и други активности што би се утврдиле со ваквиот пропис.

Управниот одбор ги разгледа, а потоа и ги усвои Предлог-акцискиот план на ЗЕЛС за 2024 година, Предлог-финансискиот план на ЗЕЛС за 2024 година и Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2024 година.

Присутните беа информирани дека од страна на СОНК ККС е побаран дијалог со ЗЕЛС во насока на спроведување на обврските што произлегуваат за општините, а се утврдени во колективните договори, склучени меѓу Владата и синдикалните организации. Управниот одбор констатира дека е потребно да се води отворен дијалог со цел надминување на предизвиците.

Управниот одбор ја задолжи стручната служба на ЗЕЛС да го достави усвоениот документ со забелешките од општините до Министерството за информатичко општество и администрација во однос на Предлог-законот за административни службеници. Претставниците од општинската администрација (беа поканети сите општини) пред одржувањето на оваа седница, се состанаа за усогласување на ставовите и



упатија остри реакции во однос на Предлогот. Најголем проблем претставува нееднаквиот третман на државните и локалните службеници во однос на висината на платите, кои се разликуваат и до 30 % на штета на локалните административни службеници. Ваквото решение би довело до интенција тие да бараат работа во државните органи, заради повисока плата, а со тоа се рушат досега преземените активности за јакнење на капацитетите на општинската администрација, а кои во голем дел беа реализирани и преку ЗЕЛС тренинг центарот. Со тоа се доведува во прашање квалитетот на услугите на локалната власт, но најмногу продлабочување на предизвикот од недостаток на професионален кадар во локалната власт, со кој општините се соочуваат подолг период.



## НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

Надзорниот одбор на ЗЕЛС во својот состав има шест члена од кои пет се градоначалници и еден е претставник од Комитетот на советите, без право на глас. Претседателот на ова тело може да присуствува на сите седници на Управниот одбор на ЗЕЛС, исто така, без право на глас. Во текот на 2023 година ова тело одржа една седница.

### ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(4 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Надзорниот одбор на ЗЕЛС ги усвои Предлог-буџетот и Предлог-акцискиот план на ЗЕЛС за 2024 година. Нагласени се активностите за зголемување на безбедноста на податоците на системите за електронските услуги, за што се потребни и финансиски средства за обезбедување на услугите за чување податоци во „клауд“ системите, но и за обезбедување опрема. Долгот на општините за неплатена членарина и натаму е голем, па присутните се приклучија на иницијативата на УО за воведување на подрастични мерки, доколку се продолжи со ниската наплата. Посочени беа бројните бесплатни услуги што ги добиваат општините од ЗЕЛС по оваа основа и беше упатен апел за редовност во плаќањето од страна на општините.



## КОМИТЕТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС

Комитетот на советите при ЗЕЛС, во согласност со Статутот на ЗЕЛС, има 9 члена, односно по еден претставник од 8-те плански региони во РСМ и еден член од Советот на Град Скопје. Комитетот на советите во 2023 година одржа една седница.

### ТРЕТА СЕДНИЦА НА КОМИТЕТОТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС *(28 МАРТ 2023 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Комитетот на советите при ЗЕЛС, на седницата, дискутираше за повеќе предизвици со кои се соочуваат советниците во спроведувањето на своите обврски. Во практиката, многу честа појава е несогласувањето меѓу градоначалникот и претседателот на Советот или советниците. Се случува градоначалникот да не го информира Советот за текот на спроведувањето на одлуките што ги донело ова тело, со што се попречува неговото квалитетно работење. На седницата беа изнесени неколку иницијативи: 1. Отворање на прашањето за реформи во системот на локалната самоуправа, каде што посебно внимание треба да им се посвети на структурата, улогата и функционирањето на Советот на општината. 2. Да се отвори дебата „за“ или „против“ професионализација на функцијата претседател на Советот на општината. 3. Да се обезбеди администрација што ќе работи исклучиво за Советот и ќе одговара пред претседателот на Советот, а не пред градоначалникот. Беше отпочната и иницијатива за промена на членовите на ова тело, поради нивното континуирано отсуство во активностите на Комитетот. Членовите на ова тело иницираа нов циклус на регионални средби на претседателите на советите на општините, од секој од осумте плански региони во земјата. Заклучоците од средбите ќе бидат дискутирани на седница на Комитетот, како и на седниците на другите органи и тела на ЗЕЛС. На 10 ноември 2023 година, во просториите на ЗЕЛС, таков состанок први одржаа претседателите на советите на општините од Скопскиот Плански Регион.





## КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

*Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е утврдена во Законот за финансирање на ЕЛС. Во нејзиниот состав мнозинството членови се од локалната власт (градоначалници), а останатите се од министерствата: за образование и наука; за култура; за труд и социјална политика; за одбрана; за финансии и за локална самоуправа. Во текот на 2023 година, Комисијата одржа три седници.*

Генерални заклучоци од сите три седници на Комисијата, одржани во 2023 година, се: потребна е итна промена на сите методологии за распределба на блок и наменските дотации заради обезбедување објективно финансирање на префрлените надлежности; неопходни се сериозни реформи во финансирањето на ЕЛС и намалување на финансиската зависност од централната власт; продлабочување на децентрализацијата на власта со соодветно финансирање и на новите надлежности и располагање во целост со капиталните инвестиции. Бидејќи станува збор за мали суми на средства за капитални инвестиции, што сега се цепкаат преку разни министерства и ниту една општина не може да направи некој посериозен капитален проект, најдобро е нивната распределба да ја вршат општините, преку органите и телата на ЗЕЛС. Комисијата се заложи за итна поддршка од централната власт за реализирање на долгогодишното барање на ЗЕЛС за обезбедување на електронски систем за наплата на данок на имот и за бесплатно префрлање на податоците од Агенцијата за катастар на недвижности, на општините. Упатена беше и забелешка дека извештаите на Министерството за финансии, што се презентираат пред Комисијата, треба да ги отсликуваат актуелните состојби во општините, а не да содржат податоци од пред една или две години (сите податоци покажуваат континуирано зголемување на финансиската зависност од централната власт); дека голем број општини имаат долгови, а се намалуваат и можностите за задолжување во банките заради реализирање на поголеми капитални инвестиции. Комисијата ги пренесе заложбите на ЗЕЛС Министерството за финансии да запре со практиката да им ги одзема непотрошените средства од блок дотациите на општините на крајот од годината. Комисијата се заложи општините да не се обврзани да бараат согласност од централната власт за секое вработување, а уште помалку да им се одземаат парцијалните надлежности, како што се примерите во образованието и во градинките. Беа изнесени и остри реакции на игнорантскиот однос на Владата кон улогата на ова тело, преку заобиколување на одредени законски процедури при одобрувањето на одредени методологии, како и поради номинирањето на членови во ова тело со понизок ранг од министер или државен секретар.



# 3 ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) И ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

## ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ)

*Една од стратегиските цели на ЗЕЛС е континуирано усовршување и надградување на капацитетите на општинската администрација. За тоа е задолжен ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) преку кој се спроведуваат обуки, работилници, советувања и конференции што ги организира ЗЕЛС. Обуките се реализираат во согласност со претходно утврдена Годишна програма за обуки на ЗТЦ која е резултат на спроведени консултации со членовите на професионалните мрежи во ЗЕЛС, составени од општинската администрација и секретарите на општините. Во 2023 година ЗЕЛС тренинг центарот реализира: 9 работилници, 29 обуки, 12 испитни сесии за стекнување со овластување за водење постапка за градежно земјиште и една испитна сесија за стекнување со лиценца за BFC SEE евалуатор. Притоа беа опфатени 872 лица. Обуките се одржуваа најчесто како еднодневни, во ЗЕЛС тренинг центарот.*

**Одржани активности за градење капацитети во 2023 година**

| Бр. | Тема | Целна група | Период/место | Бр. на учесници | Вид на активност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост. | Општинска администрација | ЗЕЛС и Испитен центар, Скопје (март - јули) | 119 | Обука и испит (теорија + практика) |
| 2. | Реформи за управување со безбедноста на патиштата на локално ниво, дел од проектот „Преглед на капацитетите за управување со безбедност на сообраќајот и подобрување на капацитетите за управување на сообраќајот на локално ниво“ - МТВ и Светска банка. | Општинска администрација | ЗТЦ, Скопје (31 јануари, 17 февруари, 2023) | 64 | Обука |
| 3. | Вклучување и улога на јавните власти и општините во справување со кризата со КОВИД-19, вклучување на волонтери и солидарноста на регионално ниво, проект SOLICO. | Општинска администрација | Скопје (21 март 2023) | 46 | Работилница |
| 4. | Предлог-формула за распределба на блок дотациите за основно образование. | Општинска администрација (Мрежа за образование) | ЗТЦ, Скопје (17 и 20 март 2023) | 55 | Работилница |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Родовите концепти, родовата политика и родовото одговорно буџетирање на локално ниво - ЗЕЛС и УНДП, проект „Зајакнување на општинските совети - фаза 2" | Претседатели на совети, членови на комисии за еднакви можности, координатори на КЕМ | Скопје, (6 април 2023) | 22 | Обука |
| 6. | Како до меѓународен BFC SEE сертификат | Општинска администрација | ЗТЦ (19 април 2023) | 19 | Работилница |
| 7. | Улогата на општинскиот совет за социјална заштита - серија на обуки (општини: Битола, Куманово, Велес, Аеродром, Арачиново, Карпош и Неготино). | Членови на седумте општински совети за социјална заштита | Администра-тивна зграда на седумте општини (април-декември 2023) | 80 | Обука |
| 8. | Постапки и алатки за внесување на податоци во електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО). | Општинска администрација од Одделението за финансии | ЗТЦ (17 мај, 2023) | 46 | Обука |
| 9. | Промовирање на родовите аспекти во работата на ЕЛС, ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ. | Членови на Лоби-група за Родова еднаквост на ЗЕЛС, претседателки на совети, координаторки за КЕМ | Скопје (29 мај 2023) | 20 | Обука |
| 10. | Методолошки насоки за подготовка на интегрирани планови за локален развој, проект „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти"- УНДП | Општинска администрација | Охрид и Струмица<br>(4 – 5 мај / 9 – 10 мај 2023) | 65 | Работилница |
| 11. | Користење на е-статистика како дел од е-платформата www.rob.zels.org.mk | Општинска администрација | ЗТЦ (7 јули 2023) | 22 | Обука |
| 12. | Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџет - улогата на ЗЕЛС кон родово одговорните општини, проект „Одржливо управување со отпад на локално ниво" ЗЕЛС и Salar International. Пилот-општини: (Кичево, Пласница, Битола, Новаци, Прилеп, Охрид) | Општинска администрација од шесте општини | Струга (11-12 септември2023) | 30 | Обука |
| 13. | Интегрирање на родовата перспектива при изработка на Локален акциски план за управување со отпад. Прилот општини: (Кичево, Пласница, Битола, Новаци, Прилеп, Охрид) | Општинска администрација од шесте општини | ЗЕЛС (5 и 14 април 2022) | 50 | Обука |
| 14. | Обука за евалуатори од програмата BFC SEE. | Администрација | ЗТЦ (22-23 мај 2023) | 10 | Обука и испит |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Улогата на општината во спроведување на активности од областа на социјалната заштита, проект „Зајакнување на општинските совети - фаза 2", ЗЕЛС и УНДП. | Членови на РТГ за јавни дејности (претседатели на советите во општините) | УНДП (20 септември2023) | 7 | Обука |
| 16. | Социјално мапирање на локално ниво, проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво". | Општинска администрација | Е-платформа ЗООМ | 25 | Е- курс |
| 17. | Локални системи за управување со кризи и противпожарна заштита, TAIEX програма на ЕУ. | Командири противпожарна заштита од 5 општини | Дубровник (19 – 23 септември 2023) | 5 | Обука и студиска посета |
| 18. | Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики, ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ. | Општинска администрација | Маврово<br><br>(2 - 4 окт.) и Гевгелија (17 – 19 окт. 2023) | 30 | Обука |
| 19. | Родови концепти, родово сензитивен јазик и интегрирање на родовата перспектива во локалните политики. | Раководители на одделенија и општински советници од Општина Пробиштип | Општина Пробиштип (10 октомври, 2023) | 17 | Обука |
| 20. | Финализирање на Локалниот акциски план за управување со отпад, проект „Одржливо управување со отпад на локално ниво" ЗЕЛС и Salar International. | Претставници од шест пилот- општини | Охрид (20 ноември 2023) | 30 | Обука |
| 21. | Инклузивно и одржливо управување со животната средина на локално ниво, ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ (циркуларна економија, воздух и инспекција). | Општинска администрација | Маврово (20 - 24 ноември, 2023) | 50 | Обука |
| 22. | Предизвици на локалните просветни инспектори во општините при спроведување на законските обврски. | Општинска администрација | ЗТЦ (12 декември 2023) | 14 | Работилница |
| 23. | Вклучување на родовата перспектива на локално ниво, TAIEX – програма на ЕУ. | Членови на лоби група при ЗЕЛС и општинска администрација | Е-платформа ЗООМ- | 14 | Обука |
| 24. | Соработка на повеќе нивоа и развој на SECAP. | Општинска администрација (Куманово, Берово, Град Скопје) | Маврово, (22 – 23 декември 2023) | 17 | Работилница |
| 25. | Предлог-закон за градење. | Општински градежни инспектори | ЗТЦ, Скопје (27 декември, 2023) | 15 | Работилница |
| ВКУПНО | | | | | 872 |






BFC SEE EDICIJA
Kriterijum 1. Strategija lok
CORE
german
cooperation







NALED
BFC
CORE
Partnership for
















## ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

*ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) е административна единица преку која се овозможува забрзано реализирање на една од приоритетните стратегиски цели на ЗЕЛС, а тоа е поддршка на нејзините членки на патот на создавањето на „е-општина“. Оваа единица, едновремено, во името на сите општини, го врши одржувањето, како и обезбедувањето на непречено користење на информациските системи од страна на општините. Преку овие системи се зголемува ефикасноста во работењето на општините, економичноста во трошењето на општинските ресурси и се обезбедува поголема транспарентност на локалната власт.*

Преку информацискиот систем www.gradezna-dozvola.mk општините во 2023 година издадоа 2 709 одобренија за градење, а преку информацискиот систем за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари www.e-stvari.mk







имаа 68 објави за аукции. Во системот градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk во 2023 година се поднесени 1 967 барања за откуп, по пат на непосредна спогодба, и одржани се 292 аукции за отуѓување по пат на јавно надавање. До МТВ се испратени 61 барање за интервенции за е-градежно земјиште. Вкупно интервенции во е-дозвола, согласно со Правилникот за начинот за постапување на администраторот во е-одобрение за градење, се 52.

Во делот „ЗЕЛС е-услуги“ се поставени следниве системи:




**1.** Електронска платформа за градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, со која сите постапки утврдени во Законот за градежно земјиште се спроведуваа исклучиво електронски, преку овој сајт.

**2.** Софтверска апликација за следење на роковите од склучените договори за отуѓување на градежното земјиште, сопственост на РСМ www.rdgz.mk.

**3.** Софтвер за електронско издавање на одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk.

**4.** Софтверска алатка www.e-stvari.mk за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари.

**5.** Електронска платформа www.rob.zels.org.mk за размена на информации од преземените активности на локално ниво од областа на родовата еднаквост.


Воведна конференција
Launch conference
Одржливо управување со отпадот на локално ниво
Sustainable municipal waste management services
Скопје, 5 јуни 2023/Skopje, 5 June 2023
Sverige
waste
management

# 4 ПРОЕКТИ, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ОПШТИНИТЕ ПОКАЖАА ГОЛЕМА ХУМАНОСТ ЗА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ТУРЦИЈА И СИРИЈА

Општините од нашата земја покажаа голема хуманост и обезбедија парична и материјална помош за настраданото население од подрачјата на Турција и Сириската Арапска Република, зафатени од катастрофалниот земјотрес на 6 февруари 2023 година. По апелот што го упати претседателот на ЗЕЛС, голем број општински совети донесоа одлуки за утврдување на висината на паричната донација, во согласност со финансиските можности на општините. Заедно со своите граѓани и бизнис-заедницата, општините обезбедија и материјална донација која беше предадена на Црвениот крст, а значителен бројот на претставници од противпожарните единици директно учествуваа во спасувачката мисија на подрачјата зафатени од земјотресот. Непосредно по катастрофата, претседателот на ЗЕЛС јавно изрази длабока жалост за настраданите и заедно со претставниците од Црвениот крст и од централната власт се сретна со амбасадорот на Република Турција во нашата земја, Н.Е. Хасан Мехмет Секизќок за да се утврдат потребите на помошта. Црвениот крст на Република Северна Македонија - додели на ЗЕЛС благодарница за исклучителниот придонес при оваа хуманитарна акција.




## ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО BFC SEE-СЕРТИФИКАТ




Започна нов циклус на активности за поддршка на општините за нивно вклучување во меѓународната програма за сертификација/ресертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (Business Friendly Certification South East Europe - BFC SEE), каде што ЗЕЛС ја има улогата на акредитиран технички секретаријат за нејзино спроведување во нашата земја. Кон крајот на март беше објавен јавен




повик, на кој претходеше организирана информативна сесија за претставниците од општините - „Како до меѓународен BFC SEE-сертификат". Во мај беше спроведена обука на кандидатите за BFC SEE-евалуатори, а во септември беше одржано полагање на испит. Во едногодишниот процес на сертификација/ресертификација, секоја општина кандидат треба да исполни соодветни услови утврдени во 10 стандарди и 63 поткритериуми, изнесени во новата, 4. едиција на Програмата на BFC SEE. Утврдена е нова методологија за оценување на доказниот материјал што општините ќе го прикачуваат исклучиво преку електронски

систем. Во Програмата за BFC SEE учествуваат општини и градови од земјите: Србија Хрватска, Македонија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Албанија. ЗЕЛС е вклучена и во „Партнерство за конкурентен регион (CORE)".

## ПРОЕКТ „ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО"

Заедно со МЖСПП, со МЛС и со други национални и регионални субјекти, ЗЕЛС се вклучи во спроведување на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво" што е инициран од Шведската асоцијација на локални власти (SALAR), имплементиран од SALAR International, а финансиран преку SIDA. Во рамките на проектот, ЗЕЛС обезбедува поддршка за општините и спроведува активности во доменот на локалното управување со отпад; врши координација со централните власти со цел застапување на ставовите на локалните самоуправи во областа на управувањето со отпадот и води грижа за вградување на родовите политики во управувањето со отпадот на локално ниво. По отворениот јавен повик и аплицирањето на општините од Југозападниот и Пелагонискиот Плански Регион беа избрани шест пилот-општини: Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница кои потпишаа меморандум за соработка со партнер организациите за спроведување





на проектот, на конференцијата што се одржа на почетокот на јуни, во Скопје. Во септември и во ноември, во Струга и во Охрид, претставниците од шесте пилот-општини и од нивните комунални претпријатија имаа обуки за подготовки и изработка на Локален акциски план за управување со отпад. Најдобрите примери на изработени локални акциски планови (ЛАП), како и моделите за подобра меѓуопштинска соработка и координација во оваа област ќе бидат споделени со останатите 12 општини од овие два региона. Во рамките на проектот, кон крајот на октомври беше организирана студиската посета во Стокхолм (Кралство Шведска), каде што се сретнаа извршните директори на ЗЕЛС и на SALAR.

## ЗЕЛС ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ „СОЛИКО"

Искуствата и експертизите добиени на локално ниво, што се поврзани со управувањето со кризи, со пандемијата на коронавирусот и со волонтерската поддршка и солидарност, ќе претставуваат добри примери за идните акции на општините за обезбедување заедничка мобилизација и зголемена подготвеност за соочување со слични кризи. Ова се дел од целите што се постигнаа со спроведување на двегодишниот проект „СОЛИКО" (Солидарност по пандемијата на корона) во кој учествуваше ЗЕЛС со партнер организации од: Унгарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Косово. ЗЕЛС, заедно со Општина Ораховец (Косово), во рамките на проектот организираше регионална конференција во Скопје на 21 март 2023 година - „Вклучување и улога на јавните власти, граѓанското општество и волонтерите за време на криза и меѓународна солидарност – научени лекции од пандемијата со КОВИД-19". Проектот се спроведуваше на иницијатива на австриската провинција Штаерска, финансиран од програмата на ЕУ „Европа за граѓаните".



## АКТИВНОСТИ НА ЗЕЛС ВО СОРАБОТКА СО МИСИЈАТА НА ОБСЕ ВО НАШАТА ЗЕМЈА

ЗЕЛС, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во нашата земја, во 2023 година организираше повеќе активности. Членовите на лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС, претставниците од комисиите за еднаквост меѓу мажите и жените од општините и нивните координатори, во мај, во Охрид, следеа обука на која беа запознаени со новите дополнувања на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во

локалната власт и со добрите примери од земјава и од странство. За претставниците од општинската администрација, кои работат на развивање на програми и стратегии, во октомври, беше обезбедена обука на тема „Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики“. Инклузивно и одржливо управување со животната средина на локално ниво; примена на Архуската конвенција; циркуларна економија; инспекциски надзор и креирање на политики во животната средина, беа темите за кои во ноември, во Маврово, дискутираа инспекторите и општинската администрација од оваа област.



## АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

**1.** ЗЕЛС започна со реализација на двегодишната програма за јакнење на капацитетите на членовите на општинските совети за социјална заштита. На јавниот повик беа избрани 14 општини, од кои во 2023 поддршка добија општините: Арачиново, Битола, Велес, Карпош, Куманово и Неготино. Членовите на ова тело проследија обуки во самата општина, каде што се запознаа со мерките за спроведување на социјалната инклузија за интегрирање на принципот „Никој да не биде изоставен“,



со целите за одржлив развој и со законската регулатива од оваа област. Крајната цел е изработка на социјален план или надградување на постојниот план. **2.** „Проширување на моделите за вклучување на малцинствата и зајакнување на испораката на услуги во општинските структури во Западен Балкан“ е вториот проект во кој се вклучи ЗЕЛС заедно со асоцијациите на локалната самоуправа од Србија, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово. Целта е да се зајакнат капацитетите на асоцијациите и индиректно да им се даде поддршка на општините во оваа област. **3.** ЗЕЛС во септември се вклучи во проектот „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“ во чии рамки ќе се спроведе истражување преку соодветна методологија за што потоа ќе биде изработена анализа на актуелните состојби со препораки за надминување на предизвиците.

## ПРОЕКТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ“

ЗЕЛС е партнер организација во реализација на проектот „Зајакнување на општинските совети - фаза 2“ во активностите „Редизајнирање на постојните и воспоставување нови модели за соработка и координација меѓу советниците, градоначалниците и општинската администрација“. Проектот го спроведува и кофинансира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а е финансиран од швајцарската влада и од Министерството за локална самоуправа на РСМ. ЗЕЛС помага во спроведување на обуките за деветте тематски работни групи; во вмрежувањето на






општинските советници и дава придонес за интегрирање на принципите на еднаква родова застапеност. Проектот обезбедува поддршка и на активностите на Комитетот на советите при ЗЕЛС, а за членовите реализира студиска посета на Асоцијацијата на локални власти на Република Малта.

## СРЕДБИ СО ДОМАШНИ ПРЕТСТАВНИЦИ

Претседателот на ЗЕЛС се сретна со министерката за животна средина и просторно планирање. На средбата се дискутираше за начините на подобрување на заемната комуникација и за размената на податоци, особено при реализација на двата заема на државата (од Светска банка и од ЕБОР). На средбата со директорката на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беше побарано Агенцијата да преземе активности за соодветно информирање на граѓаните со цел да се намали притисокот што го имаат општините од зголемениот број неосновани барања, што пристигнуваат од физички и правни лица по основа на слободен пристап до информациите од јавен карактер. На средбата во ЗЕЛС, одржана на барање од Комората на овластени архитекти и овластени инженери, претставниците од ЗЕЛС ја искористија можноста уште еднаш да го изнесат незадоволството од драстично зголемените цени за услугите утврдени во Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање, што ги доведе општините да го намалат бројот на изработување на нови ДУП-ови. ЗЕЛС навремено не даде согласност на предложените цени во Тарифникот и сè уште е на ставот за потребата од нивно намалување за 50 %.



## СРЕДБИ СО МЕЃУНАРОДНИ ПРЕТСТАВНИЦИ

**1.** Претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска, и потпретседателот, Висар Ганиу, во јануари имаа средба со амбасадорот Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија во нашата земја. Акцентот на разговорите беше ставен на предизвиците со енергетската криза, особено во однос на комуналната такса за јавно осветлување, за финансискиот колапс на општините и замирањето на процесот на децентрализација во земјава. **2.** Шестчлена делегација од Одборот за политички систем, правосудство и управа при Собранието на Република Црна Гора, на 17 февруари 2023 година дојдоа во ЗЕЛС со цел да се информираат за територијалната и организациска поставеност на локалната власт, финансирањето на општините и соработката меѓу локалната и централната власт, а иницираа обновување на процесот на збратимување на општините меѓу двете земји. **3.** ЗЕЛС беше домаќин на делегацијата од Сојузното министерство за економска соработка и развој (BMZ) на Германија, германската сојузна покраина Северна Рајна - Вестфалија, од Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ) и од Агенцијата за услужни заедници во еден свет (SKEW), која се сретна со градоначалници и претставници од општините: Беро-






во, Битола, Тетово, Центар и Чаир. Целта беше поттикнување на збратимување и соработка на општините од нашата земја со општини од Северна Рајна - Вестфалија, која е синоним за индустриски развиена област. **4.** Матие Мори, генерален секретар на Конгресот на регионални и локални власти при Советот на Европа, на 17 ноември 2023 година, во просториите на ЗЕЛС, се сретна со претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и со потпретседателот, Висар Ганиу. Тој најави продлабочена соработка на Конгресот во интерес на асоцијациите во регионот.

### ЗАЕДНИЧКИ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (ЗКК)

Во текот на 2023 година, ЗКК одржа две седници. Првата во Брисел, (4 мај 2023 година) на која присуствуваше само копретседавачот од нашата земја, Данела Арсовска, и втората во Скопје (7 ноември 2023 година) на која се обратија претседателот на ЗЕЛС, министерот за локална самоуправа, заменик-шефот на Делегацијата на ЕУ, како и повеќе градоначалници и претставници од Комитетот на региони. На седницата во Скопје се говореше за скрининг процесот и очекувањето да се објави Извештајот на Европската комисија за напредокот на реформите во нашата земја. За заложбите на Комитетот на региони во процесот на проширување и важноста од навремено, квалитетно спроведување на потребните реформи на земјите кандидати, зборуваше Ана Маѓар, известител за проширување на Комитетот на региони. Втората тема беше посветена на „Владеење на правото и улогата на локалните заедници во борбата против говорот на омраза, злосторствата од омраза и дискриминацијата“. ЗЕЛС на оваа седница ја изнесе иницијативата да се отвори ново поглавје во преговорите за напредокот на нашата земја во ЕУ, кое исклучиво ќе се однесува на оценување на развојот на децентрализацијата на власта во РСМ и за тоа побара поддршка од членовите на ЗКК.



# 5 ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ЈАВНОСТА

ЗЕЛС редовно ги информира своите членки и јавноста за сите преземени активности, донесени одлуки, резултатите од лобирањето, спроведувањето на проекти, изработените анализи и студии, како и за реализираните обуки и работни средби. Исто така, до општините доставува и информации изработени од други институции што се поврзани со надлежностите на локалната власт. ЗЕЛС се залага за двонасочна комуникација со своите членки и црпи информации од нив за подготвување на своите активности. Во насока на обезбедување на поголема транспарентност во своето работење, ЗЕЛС користи повеќе алатки, меѓу кои се:




**Веб-локацијата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk).** Информациите се поставуваат на македонски, на албански и на англиски јазик. Се објавуваат сите документи, активности и записници од управните тела на ЗЕЛС, од мрежите при ЗЕЛС, од средбите и комуникациите со централната власт и со меѓународните организации, одржаните конференции и советувања, како и сите публикации што ги подготвува ЗЕЛС.

Секојдневно доставување на информации по електронски пат. ЗЕЛС има подготвено база на електронски адреси од сите општини на кои им доставува информации што се од важност за работењето на локалните власти. По електронски пат сè повеќе се разменуваат ставови и предлози што произлегуваат од работењето на општинската администрација, органите и телата на ЗЕЛС, како и мислења за предлог-закони или програми доставени од централната власт.



Контакти со медиумите. ЗЕЛС редовно доставува соопштенија до сите медиуми за сите актуелности од работењето на Заедницата, одговара на прашањата од новинарите и оние, поставени преку електронска пошта или телефонски, и свикува прес-конференции на кои ги пласира ставовите на ЗЕЛС и предизвиците на општините.

ЗЕЛС изготвува весник – „Гласило на ЗЕЛС“ и во 2023 година издаде девет печатени изданија. Гласилото се испраќа како бесплатен примерок до сите општински советници, до градоначалниците, членовите на Владата на РСМ и пратениците во Собранието на




























РСМ. Гласилото се подготвува и печати во македонско-албанска јазична верзија, а македонско-англиската верзија се изработува само во електронска форма и се поставува на веб-страницата на ЗЕЛС www.zels.org.mk

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2022 ГОДИНА

ЗЕЛС го публикуваше Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2022 година, што претставува еден од начините на обезбедување поголема транспарентност во работењето на Заедницата. Оваа публикација беше издадена во печатена форма на македонски и на албански јазик, а во електронска форма на англиски јазик. Во Извештајот е прикажано работењето на органите и телата на Заедницата, а преку табели се прикажани и приходите и расходите на ЗЕЛС за 2022 година, како и заклучокот од Ревизорскиот извештај за 2022 година. Извештајот е поставен на веб-страницата на ЗЕЛС: www.zels.org.mk.



# 6 ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС ВО 2023 ГОДИНА

ECOVIS
AUDIT MACEDONIA

1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

**Извештај на независниот ревизор**

**До основачите и Управниот Одбор на ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС Скопје (во понатамошниот текст ЗЕЛС на РСМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2023 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЗЕЛС на РСМ Скопје со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЗЕЛС на РСМ Скопје.

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Основа за мислење со резерва**

Како што е опишано во белешка 13 со состојба на 31 декември 2023 година ЗЕЛС на РСМ има евидентирано вкупно побарувања во износ од 27,449 илјади денари. Со ревизорска постапка потврдување на салда со конфирмации од надворешна страна побарано е да се конфирмираат побарувања во вкупен износ од 27,136 илјади денари, а потврдени се 12,457 илјади денари. Ние не бевме во состојба со алтернативни постапки да се стекнеме со разумно уверување за износот на побарувањата од купувачи. Вкупната грешка на ниво на побарувања е 14,830 илјади денари.

***Мислење со резерва***

Според наше мислење, освен на ефектите од прашањата наведени во пасусот „основа за мислење со резерва" финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЗЕЛС на РСМ, на ден 31 декември 2023 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

**Нагласување на прашање**

Како што е опишано во белешка 13а со состојба 31 декември 2023 година, побарувањата од купувачи изнесуваат 27,449 илјади денари (2022: 29,561 илјади денари). Во овој износ се вклучени побарувања постари од една година во вкупен износ 19,875 илјади денари (2022: 23,254 илјади денари), за кои постои неизвесност во поглед на нивната наплатливост и остварување на потенцијални приходи. За дел од овие побарувања постари од една година ЗЕЛС има потпишано спогодби за плаќање на рати со општините.
Нашето мислење не е квалификувано во однос на горенаведеното прашање.

Скопје, 05 април 2024 година
Овластен ревизор,
Елена Адамова

ECOVIS® AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител,
Кирил Андоновски



| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | | |
|---|---|---|
| ДАТУМ | ОЗНАКА | БРОЈ |
| 05.04.2024 | Е.А. | 05-4/7 |

# СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ СПОРЕД ИЗВОРИ | денари |
|---|---|
| Приходи од членарина | 19.866.670,00 |
| Приходи од проекти | 3.734.093,00 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 460.251,00 |
| Приходи од извршени услуги | 2.600.453,00 |
| **Вкупно** | **26.661.467,00** |



# РАСХОДИ ВО 2023 ГОДИНА

| РАСХОДИ | денари |
|---|---|
| Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 155.431,00 |
| Трошоци за енергија (струја, парно, вода) | 1.239.313,00 |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги | 613.932,00 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 5.960.229,00 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 732.836,00 |
| Услуги за превоз | 60.207,00 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 0,00 |
| Трошоци за службени весници, огласи, објави | 136.344,00 |
| Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, закуп на сала, опрема и храна) | 1.107.734,00 |
| Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила | 179.637,00 |
| Банкарски трошоци | 63.048,00 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 326.593,00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 505.735,00 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 478.582,00 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 14.044.404,00 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 282.148,00 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, вратени средства од проект, вонредни расходи | 619.711,00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 26.505.884,00 |



- Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена)
- Трошоци за енергија (струја, парно, вода)
- Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги
- Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки
- Услуги за дизајнирање и печатење
- Услуги за превоз
- Трошоци за репрезентација (функционален трошок)
- Трошоци за службени весници, огласи, објави
- Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, закуп на сала, опрема и храна)
- Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила
- Банкарски трошоци
- Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги)
- Трошоци за меѓународна соработка
- Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети)
- Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени
- Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема
- Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, вратени средства од проект, вонредни расходи

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2023 година | Реализирано во 2023 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 4.711.650,00 | 0,00 | 0,00 |
| Приходи од членарина | 18.367.130,00 | 19.866.670,00 | 108,16 |
| Приходи од проекти | 4.281.400,00 | 3.734.093,00 | 87,22 |
| Приходи од извршени услуги | 1.939.820,00 | 2.600.453,00 | 134,06 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 200.000,00 | 460.251,00 | 230,13 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 29.500.000,00 | 26.661.467,00 | 90,38 |

| РАСХОДИ | Планирано во 2023 година | Реализирано во 2023 година | % |
|---|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 500.000,00 | 155.431,00 | 31,09 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1.600.000,00 | 1.239.313,00 | 77,46 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 980.000,00 | 613.932,00 | 62,65 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7.100.000,00 | 5.960.229,00 | 83,95 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1.250.000,00 | 732.836,00 | 58,63 |
| Услуги за превоз | 50.000,00 | 60.207,00 | 120,41 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 30.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 230.000,00 | 136.344,00 | 59,28 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1.400.000,00 | 1.107.734,00 | 79,12 |
| Регистрација на возила , премии за осигурување на опрема и возила | 190.000,00 | 179.637,00 | 94,55 |
| Банкарски трошоци | 60.000,00 | 63.048,00 | 105,08 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 320.000,00 | 326.593,00 | 102,06 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 970.000,00 | 984.317,00 | 101,48 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 14.200.000,00 | 14.044.404,00 | 98,90 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема | 620.000,00 | 282.148,00 | 25,47 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, вратени средства од проект , вонредни расходи | 0,00 | 619.711,00 | 0,00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 29.500.000,00 | 26.505.884,00 | 89,85 |

# 7 СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗЕЛС

- Извршен директор **Душица Перишиќ**
  - Заменик извршен директор и раководител на одделението за односи со јавноста, обуки и услужни дејности **Ардита Дема-Мехмети**
    - Советник за односи со јавноста **Весна Арсовска-Динковска**
    - **ЗЕЛС единица за поддршка на „е – општини“(ЗЕПЕ)**
      - Советник за информатичка технологија **Никола Тодоровски**
      - Советник за информатичка технологија **Карина Доневска**
    - **ЗЕЛС Тренинг центар (ЗТЦ)**
      - Советник-координатор за обуки **Ивана Серафимова**
      - Советник-координатор за обуки **Ирена Николов**
      - Советник-координатор за обуки **Благородна Шопова**
  - Раководител на одделението за нормативно –правни, материјално-финансиски и административни работи **Виктор Арнаудоски**
    - **ЗЕЛС правна поддршка (ЗПП)**
      - Советник за нормативно-правни прашања **Наташа Вртеска**
      - Самостоен административно-технички референт **Темјана Митревска**
    - Советник за материјално-финансиско работење **Андријана Бабушку**
    - Советник преведувач **Арта Абази**
    - Советник преведувач **Славе Чорбев**
    - Техничко лице –Возач **Дејанчо Ташков**
    - Техничко лице-хигиеничар **Јуца Димитриевска**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2023 ГОДИНА**

**За издавачот:** Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС

**Извршен директор:**
Душица Перишиќ

**Адреса на издавачот:** ЗЕЛС, ул. „Копенхагенска“ бр. 5
ПФ 32,1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел:02/3099033, Факс: 02/3061994
e-mail:contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk

**Уредник:**
Весна Арсовска-Динковска

**Фотографии:** од Фото архива на ЗЕЛС
**Илустрација:** 230 x 200 mm

**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и печатење:** Европа 92, Кочани
**Тираж:** 100 примероци

**Година на издавање:** април, 2024година
**Место на издавање:** Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352.075.7(497.7)"2023"(047)

ГОДИШЕН извештај на ЗЕЛС за 2023 година / [уредник Весна Арсовска-Динковска]. - Скопје : Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС, 2024. - 40 стр. : илустр. ; 23x20 см
ISBN 978-608-4856-13-9

а) Заедница на единиците на локалната самоуправа -- Македонија -- 2023 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 63597061

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk